РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 18-10-2022
Орг. единица: 11-125/1 | Број | Прилог | Вредност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 14-10-2022

1092

( Образец ПП......)

До ОПШТИНА БИТОЛА
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
ЗОШТО СК ТУЛУБЕ КАФЕ НЕМА ДОБИЕНО ПРИСТАП И ТЕРМИН ЗА ТРЕНИНГ ВО ГРАДСКАТА СТРЕЛАНА ЗА ШТО ИМА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ДО ОПШТИНА БИТОЛА НА 20.07.2022 г.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола Датум 13.10.2022 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МА...
ОПШТИНА БИ...
Примено 20 -07-
Организациона ед. Број Прил.

# Б А Р А М Е

Општина Битола, односно Градоначалникот на Општина Битола да ни доделат термина за тренинг во градската стрелана во битолската касарна.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Градската стрелана за воздушно оружје во битолската касарна, е општо добро, кое треба да биде достапно за користење на сите заинтересирани, спортисти, рекреативци и други граѓани на Општина Битола.

Во 2014-2015 година Општина Битола ја реновираше стрелaнaта, за што повод беа успесите на битолските спортсти-стрелци на натпреварите во земјата и во странство, со цел омасовување на стрелачкиот спорт, со средства од буџетот на општината.

Во моментов градската стрелана ја користат без добиен термин за тоа од Општина Битола, СК РЕК Битола и ГСК Пелистер Битола, чии претседатели се блиски пријатели, додека за другите клубови, спортисти и рекреативци пристапот е забранет.
Со ваквото однесување со ништо не придонесуваат за развој на стрелачкиот спорт во нашот град. Успехот и високото рангирање на овие клубови, посебно на СК РЕК Битола се должи во голема мера, меѓу другото, на резултатите на спортистите стрелци кои во моментов се членови на СК Тумбе Кафе Битола. Се работи за спортисти повеќе кратни државни прваци, рангирани спортисти од меѓународна категорија, повеќекратни спортисти на Битола, кои претходно беа членови на СК РЕК Битола. Овие спортисти со својот резултат придонесоа клубот да добие финансиски средства преку Агенцијата за млади и спорт во вид на ваучери. Спортисти чии спортски кариери се насилно прекинати со нелегитимни одлуки на Илиевски Драган, претседател на СК РЕК Битола.

Градската стреана подолг период е узурпирана од стрелачкиот клуб РЕК Битола, поточно од неговиот претседател Илиоски Драган, кој се однесува како објектот да е негова лична сопственост, па одлучува на кој ќе му дозволи пристап, а на кој нема да му дозволи пристап во истата., повикувајки се на согласност бр.2081/2 од 07.09.2011 година. Потпишана од тогашниот раководител на Секторот за финансии, буџет и администрирање на финансии, при Општина Битола, Слободан Бончановски.

Согласно погоре реченото, а заради развој и афирмирање на спортот помеѓу младите во нашиот град како здружение спортски клуб, бараме Општина Битола, односно Градоначалниот на Општина Битола, одобрение на термин за тренинг барем три пати неделно.

Битола 14.07.2022

претседател

# ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Гордана Цветковска Бошевска
Помлад соработник – спортски објекти и манифестации
Одделение за јавни дејности

Бр.11-125/2
18.10.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-125/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Примил: Цвет.
19.10.2022

Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01-11-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-125/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за јавни дејности

Битола, 01.04.2022г.

До: Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување на
слободен пристап до информации од јавен карактер
Општина Битола

**Предмет**: Известување
Врска: Ваше барање бр. 11-125/2 и
Бр.11-126/2

Почитувана ,

Согласно Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 11-125/2 Ве известувам дека воздушното стрелиште кое што се наоѓа во спортскиот комплекс на касарната Стив Наумов е на располагање на сите клубови/спортисти, а користењето се овозможува со усогласување на термините кои веќе се користат од страна на спортистите како и со Стрелачкиот клуб „ РЕК Битола “ кој е одговорен за тековното одржување на објектот.

Во врска со Барањето Бр.11-126/2 Ве известуваме дека Општина Битола овозможува користење на стрелиштето зависно од Барањата кои се пристигнати до нас. Во стрелиштето се одржуваат голем број манифестации, првенства од државен и училишен карактер и истата се користи и од страна на нашата битолска олимпијка Оливера Наковска Бикова

Со почит,

Гордана Цветковска Бошевска
Помлад соработник – спортски објекти и
манифестации

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-125/4
01.11.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **14.10.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Зошто СК Тумбе Кафе нема добиено пристап и термин за тренинг во градската стрелана за што има поднесено барање до Општина Битола на 20.07.2022 год.? **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-125/1
2. Допис до Гордана Цветковска Бошевска – Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр. 11-125/2 од 18.10.2022
3. Одговор од Гордана Цветковска Бошевска Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр. 11-125/3 од 01.11.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 01.11.2022 година, под бр. 11-125/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk